# Повик за Експерт/ка за подготовка на Документ за јавна политика за намалување на степенот на скриената економија во земјоделскиот сектор на локално ниво

**ВОВЕД**

Здружението за рурален развој ЛАГ Агро Лидер, на 01 мај 2023 година започна со имплементацијата на проектот "Промените започнуваат на локално ниво".
Проектот се спроведува со поддршка на регионалниот проект СМАРТ Балкан - Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан (во понатамошниот текст СМАРТ Балкан), имплементиран од Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) и Институтот за демократија и медијација (ИДМ), а финансиски е поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка

## I. Краток опис на проектот

**Главни цели на проектот се**:

Општа цел на проектот е да се зголеми вклученоста на граѓаните и граѓанските организации преку обезбедување на статистичка слика за степенот и составот на неформалното вработување во земјоделскиот сектор во Пелагониски регион и фокус на работниците кои имаат тенденција да бидат невидливи и меѓу најранливите категории на граѓани

1. Овозможување подобар увид во клучните економски случувања во општините во Пелагонискиот регион
2. Идентификување на неформалните работници во земјоделскиот сектор во Пелагонискиот регион
3. Создавање на предуслови за подобрена финансиска одржливост на општините и продлабочена децентрализација во земјава.

**Целни групи на проектот се:**

Целна група на проектот се:

- Населението во Пелагониски регион
- Локалните самоуправи во Пелагониски регион
- Бизнис секторот во општините во Пелагонискиот регион
- Граѓанските организации во општините во Пелагонискиот регион

**Очекувани резултати од проектот се**:

1. Формирана мрежа на граѓански организации како тим за мониторинг, истражување и анализирање на состојбата со скриената економија во земјоделството
2. Идентификувани недостатоци и генератори на скриена економија во земјоделскиот сектор во Пелагонискиот регион
3. Подготвени јавен документ со препораки и индикатори за секој аспект на скриената економија во земјоделскиот сектор
4. Одржана средба и пресконференција со претставници на институции и општини за степенот на скриена економија во земјоделскиот сектор во пелагониски регион
5. Создадени предуслови за подобрена финансиска одржливост на општините во Пелагонискиот регион, што ќе придонесе до финансиски постабилни и понезависни општини

## II Опис на работните задачи

Собраните податоци од терен преку спроведеното истражување, со сеопфатна анализа на националните мерки, документи и стратегии, ќе овозможи подготовка на Анализа/Документ за јавна политика со препораки и индикатори за намалување на степенот на скриената економија во земјоделскиот сектор на локално ниво

Основната цел на ангажманот е да се избере соодветен експерт/ка кои што ќе изработи Документ за јавна политики. Документот ќе се состои од анализа на состојбата, препораки за подобрување на борбата против скриената економија во земјоделскиот сектор и листа на индикатори кои секоја општина ќе може да ги користи во иднина за да го следи напредокот на состојбата.

## III Тип на договор и надоместок

Надоместокот на експертите изнесува 30 700 денари.

Краен рок за испорака на услугата е 31.12.2023 година.

## IV Потребни квалификации

Пријавените треба да ги поседуваат следните квалификации и вештини:

• Завршено високо образование од областа на општествени науки/правни науки/економски науки/земјоделски науки
• Минимум 5 години соодветно работно искуство
•Одлично познавање на моменталната состојба со законите, правилата и прописите на националното и локално законодавство и легислатива поврзани со скриената економија во земјоделскиот сектор
• Претходно искуство во исти или слични ангажмани.

**V Потребна документација**

Понудата треба да го содржи следново:
• Детална биографија (CV)
• Писмо за интерес со референци за претходно работно искуство
• Листа на претходно изработени анализи/трудови/публикации

**VI Критериум за избор:**

• Екпертиза и претходно искуство во подготовка на слични продукти

**VII Рок за пријавување**

Понудите треба да се достават најдоцна до 10 декември 2023 година по електронска пошта на: lagagrolider@gmail.com, или директно во канцелариите на ЛАГ Агор Лидер, во затворен плик со назнака „Апликација за Експерт/ка за Документ за јавна политика со препораки и индикатори за скриената економија во земјоделскиот сектор на локално ниво.

**Дополнителни информации**

Дополнителни информации за повикот за експерти можете да добиете со испраќање на маил на lagagrolider@gmail.com